Врз основа одредбите од член 22 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.весник на РМ бр. 52/10) и член 1, член 17, член 18 и член 34 од Статутот на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје, Собранието на** Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје ( во понатамошниот текст: Здружение), на седницата одржана на ден 26.08.2019 г. год., го донесе следниот**

# СТАТУТ
## на Здружението на граѓани “РОМАВЕРЗИТАС” Скопје
## -ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ -

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

**Здружението на граѓани “РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** е формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување и промовирање на своите идеи, интереси и уверувања.

Ромаверзитас претставува програма за стипендирање и менторирање/туторирање на студенти, промовирање на еднакви можности за влез во високите и другите образовни институции во Р.М.

Ромаверзитас се формира како потреба од финансиска и дополнителна академска поддршка во процесот на учење на средношколците и студирање на студентите, со цел успешна транзиција од една во друга учебна и академска година, развивање на дополнителни професионални вештини кај средношколците и студентите, навремено завршување/ дипломирање и вклучување во општествените текови.

### Член 2

**Здружението на граѓани “РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** како здружение на граѓани своите цели и задачи ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија и со овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

### Член 3

Називот на здружението на граѓани е: **Здружение на граѓани “РОМАВЕРЗИТАС” Скопје**.

Називот на здружението на граѓани на англиски јазик е ROMAVERSITAS.

### Член 4

Седиштето на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** е во Општина Центар, Скопје, на следната адреса ул. 11-ти Октомври бр. 18/7, Центар, Скопје.

Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** се организира и дејствува на подрачјето на Република Македонија.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА - СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 5**

Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** е правно лице.
Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** има свој печат и штембил.
Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** , а во средината се наоѓа амблемот на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје**.
Штембилот на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** е правоаголен со следниот текст: Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје**, број, датум и место.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ ЗА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ**

**Член 6**

Граѓаните се здружени во Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** заради остварување поширок заеднички интерес, а како посебни цели и задачи се:

-обезбедување финансиска и менторска/туторска подршка на студенти;
-дополнителна академска помош за подобрување на капацитетите на средношколците и студентите;
- отворени можности за мали истражувачки грантови и други студентски иницијативи наменети за академски цели;
-социјални активности кои подржуваат интеракција и размена на идеи со средношколците и студентите;
-Да ја запознава јавноста со своите активности и нивното значење.

**Целите и задачите на Здружението се остваруваат преку следниве облици на дејствување:**
-Остварување на контакти и непосредна соработка со државни органи и институции
-Организирање на разни форми на обука, едукација размена на знаења кои ќе им помагаат на средношколците и студентите
-Организирање на курсеви, летни или зимски кампуси и други форми на размена на искуства и знаења.
-Организирање и публикација на информативни и едукативни материјали, брошури и други публикации кои ќе бидат во функција на остварувањето на целите на Здружението.
-Размена на искуства помеѓу младите од различни региони во државата
-Дружење на младите во организирана форма на летни и зимски кампови
-Организирање на социо-културни настани итн.

**ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 7**

Член на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** може да биде секој граѓанин државјанин на Република Македонија или државјанин на друга држава, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението, обврзувајќи се да ги застапува и брани интересите и целите, и да го познава и да работи во согласност со статутот на истото.

Сите членови на Здружението меѓу себе и пред самото раководство се рамноправни. Секој член своеволно и според своите можности и способности прифаќа обврски во Здружението и е должен истите да ги исполни.

**Член 8**

Секој член може доброволно да истапи од Здружението. Притоа е обврзан со самото истапување, во договор со преостанатото членство да ги регулира своите обврски кон Здружението и да го предаде целокупниот имот.

**Член 9**

**Исклучување на член** од Здружението на граѓани се остварува во следните случаи:
-доколку членот го прекршува статутот
-врши активности кои штетно влијаат на Здружението
-доколку неговите активности не се во согласност со активностите на здружението

**Престанување на членството** во Здружението на граѓани настанува во следните случаи:
-доколку самиот побара
-доколку е исклучен.

Предлог за исклучување на некој член се доставува до Извршниот одбор на Здружението од кој било друг член со образложение за исклучувањето. Извршниот одбор е должен да го разгледа барањето и да даде препорака на Собранието за понатамошниот статус на членот кој бил предложен за исклучување.

**Член 10**

Обврски на членовите на Здружението на граѓани се:
-да присуствуваат на состаноци на Собранието
-да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата и на активностите на Здружението
-доследно да ги извршуваат обврските кои самите ги презеле
-да даваат редовни(месечни) извештаи за својата работа
-да соработуваат и да одржуваат контакти со преостанатото членство
Обврски на членовите на Здружението координатори на проекти на Здружението:
-редовно да одржуваат контакти со членовите на работниот тим
-да ги застапуваат идеите на работниот тим и целите на проектот
-да раководат со финансискиот дел од проектот во согласност со усвоениот финансиски план на Здружението и во координација со секретарот на здружението
-редовно да доставуваат потребни информации и документи за финансиите до секретарот на здружението
.

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 11**

Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** го претставува и застапува претседателот.
Во негово отсуство или спреченост да ги извршува своите обврски, го менува секретарот на здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ

Овластениот член е должен за своите активности да го известува и да се консултира со претседателот.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 12**

Работата на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, другите здруженија/НВО и пошироката јавност за работењето и за активностите на Здружението на граѓани.
За информирање на членовите и на пошироката јавност се користат печатените и електронските медиуми.

Активностите и резултатите од работата на Здружението се достапни за пошироката јавност на Р.Македонија и пошироко.

Финансиското раководење на Здружението, како и деталите околу водењето на истото и проектите за него се достапни за овластените институции во и надвор од државата.

Јавноста во работата со финансиите се обезбедува преку месечни извештаи на секретарот до Извршниот одбор и тримесечни извештаи до целото здружение за финансиската состојба на Здружението.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

Здружението на граѓани остварува средства од:
-донации
-буџет
-органи
-организации
-трговски друштва
-и од други услуги(имотни права и слично)

**Член 14**

Користење и располагање со средствата на Здружението на граѓани, добиени по основите од член 13 на овој закон, се врши на следниот начин:
-претседателот ги одобрува сите потребни финансиски трансакции со печат и со потпис
-претседателот е овластено лице за подигање финансии од банка и за префрлување хонорари преку авторска агенција
-Извршниот одбор во координација со претседателот подготвува годишен финансиски план кој се усвојува на состанок на Собранието
-членовите-координатори на проекти, во согласност со годишниот финансиски план, претседателот и Извршниот одбор раководат со финансиите на проектите, редовно известувајќи ги горенаведените лица и органи за својата работа
-координаторите се должни да ги прифатат и да ги спроведат решенијата во врска со финансиите на проектот, донесени од страна на претседателот и на Извршниот одбор.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 15**

Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** донесува годишен финансиски план за приходите и за расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите што се стекнуваат по член 14 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здружението на граѓани и други расходи сврзани со работата.

**УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 16**

Со Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** управуваат органите на здружението:

-Собрание

-Извршен одбор

**ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 17**

Собранието е највисок орган на Здружението и е составено од целокупното членство на Здружението.

Собранието:

-се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно;

-донесените одлуки се спроведуваат од Извршниот одбор и од другите членови;

-според член 26 од Законот за здруженија и фондации, седница на Собранието свикува Претседателот;

-седници на Собранието се свикуваат и по предлог на Извршниот одбор на Здружението на граѓани или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието;

-ако Претседателот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите;

-Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници;

-Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници;

-гласањето на Собранието се одвива во согласност со член 29 од Законот за здруженија и фондации;

-Гласањето на Собранието ејавно и секој член има право на еден глас.

**Член 18**

Во надлежност на Собранието е следното:

-го донесува Статутот на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** и врши измени и дополнувања на истиот;

-избира и разрешува Претседател на Здружението со двотертинско мнозинство;

-избира и разрешува членови на Извршниот одбор(и на други органи кои Здружението на граѓани смета дека треба да ги формира);

-усвојува програмска ориентација за работа на Здружението на граѓани операционализирано во годишните програми;

-го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
-ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението на граѓани помеѓу две собранија;
-донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;
-донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
-решава за формирање ограноци на Здружението;
-одлучува за здружување или за разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и во меѓународни организации;
-констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
-одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
-одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението;
-врши други работи кои се во согласност со Статутот и со општите акти на Здружението на граѓани.

**Член 19**

Извршен одбор е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и за развојот на Здружението на граѓани во согласност со Статутот.
Претседателот на Здруженито на граѓани, автоматски е и член на Извршниот одбор.
Претседателот на извршниот одбор истовремено е и Претседател на Собранието на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје** и тој го претставува и застапува Здружението.

**Член 20**

Во надлежност на Извршниот одбор е следното:
-ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје** како и одлуките и заклучоците на Собранието;
-донесува и реализира годишна програма за работа;
-предлага измени и дополнувања на Статутот;
-донесува соодветни правилници за работа;
-подготвува информации и материјали за седницата на Собранието;
-формира, именува и разрешува стручни тела и служби(секретар, архивар) на здружението на граѓани и донесува одлуки и правилници за нивната работа;
-организира и активно учествува во разни акции и манифестации;
-донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
-донесува одлуки за набавка и за оттуѓување на основните средства;
-донесува одлуки по приговори и жалби;
-донесува одлуки за формирање постојани и превремени комисии и ја насочува нивната работа;
-свикува седници на Собранието и припрема материјали;
-дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи на стручната служба на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје**
-врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на здружението на граѓани и од Законот.

**Член 21**

Извршниот одбор на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје** брои 5(пет) членови.

Одлуките се донесуваат со просто мнозинство.
За донесување одлука се обврзани да гласаат сите присутни членови на Извршниот одбор.
Доколку на седница на Извршниот одбор не се донесе одлука, пражањето се предава на решавање од страна на Собранието.
Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 2 (два) години со исклучок на претседателот, чиј мандат е дефиниран во член 24.
Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

**Член 22**

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.
Седницата на Извршниот одбор ја свикува претседателот.
Предлог за свикување на Извршниот одбор може да поднесе една третина од Извршниот одбор, мнозинството од претставниците на Собранието.
Со седницата раководи и претседава претседателот, а во негово отсуство членот што ќе го избере претседателот.
Начинот на свикување седница и работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

**Член 23**

Обврски и права на претседателот на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје** се:
-свикува и води седници на Извршниот одбор и на Собранието;
-ги одобрува сите финансиски трансакции;
-издава овластувања, склучува договори, одобрува проекти и сл.
-поднесува извештаи за својата работа до Собранието;
-при спреченост да ги извршува обврските привремено именува заменик член од Извршниот одбор;
-претседателот е член и претседател на Извршниот одбор и на Собранието;
-задолжен е со официјалниот печат и е единствено лице за неговата употреба(освен во случај кога издава овластување на заменикот);
-да ги штити и застапува интересите на Здружението во согласност со овој статут и со Законот на Р.Македонија.

**Член 24**

Претседателот има мандат од 4(четири) години.
Услови под кои се менува претседателот се:
-ако не ги почитува одредбите од овој статут и одредбите дефинирани во Законот на Р.Македонија;
-ако со својата работа директно му нанесува штета на Здружението или го злоупотребува истото за сопствени цели;
-ако не ги штети интересите на Здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ број 6

**Член 25**

Заради извршување на статутарните и на програмските задачи и одлуки на Собранието и на Извршниот одбор, Извршниот одбор формира надзорна комисија и други работни тела.

Надзорната комисија врши контрола над спроведувањето на одредбите од овој статут и контрола за наменското располагање со средствата и приходите на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** .

Своите наоди и одлуки надзорната комисија ги доставува до Собранието и до Извршниот одбор на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје**.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 26**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** , Извршниот одбор формира стручна служба и ги одредува нејзиниот начин на работа и ингеренциите.

**Член 27**

Членовите на стручната служба не можат да бидат членови на Извршниот одбор. Истите можат да бидат координатори на проекти.

**Член 28**

Документите кои се користат од страна на стручната служба за извршување на сопствените должности и обврски се чуваат во седиштето на Здружението.

**Член 29**

Средствата за работа на стручната служба се одредуваат со финансиски план секоја година, и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

**Член 30**

Со стручната служба на Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** раководи Извршниот одбор.

Стручната служба одговара пред Извршниот одбор и редовно го известува за својата работа.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

Здружението на граѓани **“РОМАВЕРЗИТАС” Скопје** ќе престане со работа ако:

-за тоа одлучат членовите на Здружението на граѓани ако бројот на членовите се намали под бројот одреден за основање;

-ако настапат причини утврдени по член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението на граѓани донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 32**

По престанок на работата на Здружението, за имотот и за другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските одлучува Собранието.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 33**

Право на толкување на одредбите на овој статут има Собранието на Здружението на граѓани **"РОМАВЕРЗИТАС" Скопје** , а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 34**

Измени и дополнувања на овој статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 35**

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето.

Претседател

ЕЛВИС МЕМЕТИ